ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXI



Скопје, Декември 2008 година

# Порака по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост од г-дин Ban Ki-moon, генерален секретар на Обединети нации



Ban Ki-moon

***Оваа година меѓународниот ден на лицата со попреченост се одбележува само една недела пред 60-тата годишнина од Универзалната декларација за човекови права. Обединетите нации ги одбележуваат и двата настана под темата "Достоинство и правда за сите".***

***Имаме многу за прославување оваа година. Влегувањето во сила на Конвенцијата за правата на лица со попреченост во мај беше пресвртница. Кога се одржа првата Конференција на државите потписнички во октомври, учесниците веднаш започнаа со размислувања на кој начин Конвенцијата може да служи како алатка за постигнување на Милениумските развојни цели.***

***Овој напредок е овозможен благодарение на активното учество и водство на лицата со попреченост, преку обезбедување на пристап во сите аспекти од нашата работа.***

***Обединетите нации остануваат посветени на овој пристап. Реновирањето на комплексот на главното седиште на Обединетите нации преку Капитал мастер планот ќе ги направи нашите простории во согласност со последните стандарди за пристапност. На овие напредоци се чекаше долго време.***

***Генералното собрание нагласи дека, а со цел за да се остварат Милениумските развојни цели, мора да се вклучат и лицата со попреченост во сите процеси. Бидејќи 80 проценти од лицата со попреченост – повеќе од 400 милиони лица - живеат во сиромашни земји, ние треба многу да направиме за да го прекинеме кругот на сиромаштијата и попреченоста.***

***Слоганот на меѓународната алијанса за попреченост е: "Ништо за нас без нас."***

***Едно лице со попреченост од Свазиленд кое се бори за имплементација на политиките за попреченост во таа земја рече: "Потребна ни е целосна интеграција за да го отстраниме злото на стигматизацијата".***

***Во истиот тој дух, ги повикувам владите и сите носители на акции да осигураат дека лицата со попреченост и нивните организации се составен дел од сите развојни процеси. На тој начин, можеме да промовираме интеграција и да го поплочуваме патот за подобра иднина за сите лица во општеството.***

## СОДРЖИНА


2. страна
***Порака од Генералниот секретар на Обединетите нации***

3. страна
***Доделени признанија по повод 3-ти Декември***

4 и 5. страна
***Клучни елементи на систем за поддржано донесување одлуки***

6 и 7. страна
***Начела за имплементација на членот 12 од Конвенцијата на ОН***

8 и 9. страна
***Активности на Обединетите нации***

10 и 11. страна
***Активности и иницијативи во Европа***

12 и 13. страна
***- Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***
***- Работилници за SWOT анализа***

14 и 15. страна
***- Социјални активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА***
***- Спортски натпревари во Штип***
***- Македонски спортисти на Специјални зимски олимписки игри***

16. страна
Наша страница
***Отворени врати за различните во обединета Европа***



*"ПОРАКА"*
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2008 год. Број 4, год. XXI**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@mt.net.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**


***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА***

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Доделени признанија по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

***Со резолуцијата 47/93 од 4 Октомври 1992 година, Генералното собрание на Обединетите нации го прогласи 3-ти Декември за Меѓународен ден на лицата со попреченост, со цел да се подигне степенот на познавање и разбирање за проблемите на лицата со попреченост и да се зголеми свеста за сето она што ќе се добие доколку тие се интегрираат во секој аспект на општествениот и економскиот живот на заедницата.***

Насоките од Обединетите нации за одбележување на 3-ти Декември вклучуваат собирање на позитивните резултати направени во изминатата година и на пречките и проблемите со кои се соочуваме во спроведување на програмите и политиката за лицата со попреченост, како и **оддавање на признанија на поединци и организации кои дале свој придонес за унапредување на човековите права на лицата со попреченост.**

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, секоја година во рамките на својата програма за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост и следејќи ги насоките од Обединетите нации, доделува плакети и благодарници на поединци, институции и организации кои во текот на годината дале свој придонес за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија.

**Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА за 2008 година додели:**

- **<u>ПЛАКЕТА на г-дин Перо Стојановски</u>, за личниот придонес и поддршка во обезбедувањето на континуитетот на работата на Дневниот центар – ПОРАКА Скопје,**
- **<u>БЛАГОДАРНИЦА на Градот Скопје</u>, како израз на признание за поддршката во обезбедувањето на континуитетот на работата на Дневниот центар – ПОРАКА Скопје.**



Врачувањето на плакетата и благодарницата се одржа на 3-ти Декември 2008 година, во 12 часот во просториите на Дневниот центар – ПОРАКА Скопје.

Г-дин Перо Стојановски, Министер за образование и наука и г-ѓа Елеонора Панчевска Николовска од Одделението за социјална детска и здравствена заштита при Градот Скопје се заблагодарија за врачените признанија и искажаа подготвеност за понатамошна продлабочена соработка и поддршка на активностите на РЦПЛИП - ПОРАКА



## Документ за позиција на Европската Инклузија

*продолжение од претходниот број*

# КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА СИСТЕМ НА ПОДДРЖАНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

***Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во членот 12 бара еднакво законско признавање за сите лица со попреченост. Овој документ за позиција истражува кои клучни елементи се потребни за имплементирање на ова начело во правните системи на сите европски земји. Започнувајќи од дискусијата за одредени основни поими во врска со деловната способност, Документот за позиција идентификува осум елементи кои треба да се разгледаат при имплементацијата на овој член со цел Конвенцијата на ОН да стане инструмент кој ги промовира правата на лицата со интелектуална попреченост.***

### 4. Поддржано донесување одлуки

Законски заснован систем на регистрирано поддржано донесување одлуки треба да се применува само кога законски неопходна – поддршка во секојдневниот живот не бара вакви мерки. Сепак, волонтерите кои делуваат како лица за поддршка често им помагаат на лицата во разни практични работи во секојдневниот живот – од пазарење до реновирање на станот итн.

Според тоа, регистрираните поддржувачи треба да се фокусираат на главните одлуки од легална важност кои влијаат врз животот на возрасниот со попреченост: со кого и каде сакаат да живеат, изборот на нивната работа или дневна активност, медицински одлуки, воспоставување можности за слободни активности, и избор на соодветни сервисни служби за поддршка каде е потребно.

Регистрираните поддржувачи ќе треба да бараат суптилна рамнотежа за да обезбедат поддршка за индивидуата на начин со кој ќе ја зајакнат индивидуата, а со кој нема да се замени туку ќе се поттикне воспоставувањето на постоечки мрежи за поддршка.

Работата на поддржувачот треба редовно да се прегледува.

Европската Инклузија поради тоа, ги повикува државите потписнички

- Да развијат легислатива која обезбедува поддржано донесување одлуки за неопходни и важни одлуки од законска релевантност, согласно потребите и способностите на лицата.
- Да осигураат дека има на располагање обука и помош за поддржувачите, вклучувајќи и за правилата и начелата за насочување во практичната имплементација на системите за поддржано донесување одлуки.
- Да осигураат дека обуката за лица со интелектуална попреченост е на располагање.
- Да поттикнуваат и да поддржуваат креирање на неформални мрежи за поддршка за секоја индивидуа.

### 5. Избор и регистрација на лица за поддршка

Било кој систем на поддржано донесување одлуки мора да ги задоволи потребите на индивидуата со попреченост. Лицата за поддршка, според тоа, треба да се избрани од индивидуата. Може да биде предност ако лично се знаат со лицето одреден временски период. Треба да постои можност за назначување на неколку лица за поддршка на една индивидуа, тоа особено може да биде важно за лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост каде групата на лица за поддршка кои знаат дека индивидуата има различни капацитети, може подобро да ги усогласуваат потребите за поддршка на лицето. Исто така е важно  овие лица за поддршка да добијат законски статус кој им овозможува да бидат признаени како официјално овластени поддржувачи на одредено лице и да се легитимира нивниот мандат.

Европската Инклузија, поради тоа, ги повикува државите потписнички

- Да воспостават критериуми и процеси на селекција за соодветни лица за поддршка;
- Да се воспостави систем за регистрација за овие лица поддржувачи кој ќе им овозможи да бидат официјално признаени како поддржувачи на лице со попреченост;
- Да осигураат задолжителна и редовна обука за сите регистрирани поддржувачи за сите аспекти потребни за обезбедување адекватна поддршка и за правилата кои владеат во поддржаното донесување одлуки.
- Да го информираат населението (особено целните групи, на пример, персонал во банките, доктори, социјални работници итн.) за системот на поддржано донесување одлуки и да идентификуваат што тие знаат.

### 6. Надминување на комуникациските бариери

Особено лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост имаат потешкотии во искажување на нивните желби и преференци на другите лица. Некои, на пример, ја изразуваат својата добросостојба само преку

## Документ за позиција на Европската Инклузија

ритамот на нивното дишење[1]. Други можеби имаат потреба од помагала за комуникација или нивниот партнер за комуникација можеби има потреба од употреба на посебни техники за разбирање на нивните желби.

Европската Инклузија, поради тоа, ги повикува државите потписнички

- Да признаат дека сите форми на комуникација се валидни и начинот на кој лицата комуницираат не треба да биде причина за сомневање во нивната способност за донесување одлуки.
- Да осигураат дека сите лица кои добиваат поддршка за донесување одлуки можат да добиваат редовна обука во алтернативни и зголемени[2] комуникации, во употреба на техники за комуникација; да промовираат примери на добра практика за тоа како се надминале бариерите во комуникацијата.



### 7. Превенирање и разрешување конфликти меѓу поддржувачи и поддржано лице

Ќе има случаи каде лицата со интелектуална попреченост носат одлуки за кои поддржувачите сметаат дека не се во најдобар интерес на лицето.

Тоа може да опфати, на пример, давање пари на други лица или на организации, набавка на добра кои индивидуата не може да си ги дозволи, или раскинување на договор за работа. Додека го одржуваат нивното право на носење одлуки, вклучувајќи ја и можноста за правење грешки, лицата со интелектуална попреченост треба исто така да бидат ефективно заштитени од злоупотреба и лична штета.

Европската Инклузија, поради тоа, ги повикува државите потписнички

- Да ги обврзат лицата за поддршка да бидат способни да демонстрираат дека ја информирале индивидуата која ја поддржуваат со сите можни средства за последиците од секоја важна одлука;
- Да креираат механизам за заштита од злоупотреби, вклучувајќи можности да бараат поништување на договори во случај лицето да биде злоупотребено.
- Во случај на конфликт и за контрола на лицата поддржувачи, треба да се создадат административни (надвор од судот) процедури кои се лесно пристапни за поддржуваното лице како и за поддржувачот.
- Да се опфати прашањето за одговорност и осигурување на поддржувачот.

### 8. Имплементирање на заштитни механизми

Од добра причина, Конвенцијата на ОН е прилично специфична за заштитните механизми кои мора да владеат со поддржаното донесување одлуки. Важно начело е дека “заштитните механизми ќе бидат пропорционални на степенот до кој мерките влијаат на правата и интересите на лицето”.

Тоа значи дека заштитните механизми мора да бидат повисоки кога лицето има поголем степен на попреченост или големи потреби за поддршка или кога одлуката интервенира на суштински начин во животот на лицето.

Европската Инклузија, поради тоа ги повикува државите потписнички

- Да осигураат без задоцнување дека заштитните механизми наведени во Конвенцијата на ОН се соодветно имплементирани во полето на легислативата за поддржано донесување одлуки;
- Да осигураат дека законите за старателство инкорпорираат заштитни механизми се додека се на сила, и се додека поддржаното донесување одлуки стане достапно за секое лице со интелектуална попреченост.

---

*[1] Европската Инклузија ја нагласува важноста на една од основните изјави на теоријата за комуникација за лица со тешка и длабока попреченост: “Ти не може да не комуницираш!”*

*[2] Зголемена и алтернативна комуникација (ААС) се однесува “на област на истражување, клиничка и едукативна практика. ААС опфаќа обиди за истражување, и кога е неопходно, надоместува за времените или трајни оштетувања, ограничувања на активност и рестрикции во учеството на индивидуите со тешки нарушувања во продукција на говор-јазик и/или разбирање, вклучувајќи говорни и пишани начини на комуникација” (ASHA, 2005, стр.1) Зголемената комуникација и алтернативната комуникација се термини кои се однесуваат на “неговорна комуникација”. Зголемена комуникација подразбира делумна зависност од неговорна комуникација; Алтернативна комуникација подразбира целосна зависност од неговорна комуникација. АС направи можат да се користат за надополнување или замена на вербален говор и варира во зависност од вештините на лицето и потребите, како и од проблемите кои ги искусило лицето.*

## Активности на INTERNATIONAL DISABILITY ALLIANCE

# Начела за имплементација на членот 12 од Конвенцијата за правата на лица со попреченост

***Членот 12 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост дозволува лицата со попреченост да бидат признаени еднакво со другите како лица пред законот во полна мера. Да се биде признаен како лице пред законот во полна мера подразбира дека деловната способност на лицето, вклучувајќи ја способноста за делување, е еднакво признаена. Членот 12, воедно, наметнува позитивна должност на државата да воспостави мерки за поддршка за да се осигура дека препреките за практикување на деловната способност се отстранети и дека има поддржувачи за лицата со попреченост со цел тие во целост да уживаат и да ја практикуваат деловната способност.***

Се до денешен ден, националните закони наметнуваат препреки за практикување на деловната способност од страна на лицата со попреченост, или го ускратуваат пристапот до потребните поддршки за практикување на деловната способност, па според тоа, неопходно е државите во согласност со нивната обврска според 4 (1) (б) да ги менуваат овие закони како би се усогласиле со член 12. Со цел да им се помогне на државите потписнички во нивните активности за реформи во законите, ги наведуваме импликациите од членот 12

### Главни начела

1. “Деловна способност” најдобро се преведува како “способност за права и способност за делување”.
2. “Деловна способност” за целта на Конвенцијата за правата на лица со попреченост подразбира и способност за права и способност за делување. Тоа се применува во правните системи на сите земји за сите лица, вклучувајќи ги и оние со попреченост.
3. Правото да се ужива и да се практикува деловната способност се применува еднакво за сите лица, вклучувајќи ги и оние со попреченост, без разлика на природата или ефектите од нивната попреченост или очигледната потреба од поддршка. Деловната способност не може да биде ставена во сомнеж или предизвикана врз основа на попреченост.
4. Лицата со попреченост кои имаат потреба од поддршка за практикување на нивната деловна способност имаат право да им се обезбеди таквата поддршка. Поддршката подразбира развој на односи и начини за заедничко работење, да му се овозможи на лицето да се изрази и да ги пренесува своите желби, според договор на доверба и почит, одразувајќи ги желбите на лицето.
5. Сите лица кои имаат потешкотии во практикување на нивната деловна способност може да се прилагодат во рамките на парадигмата за поддршка.
6. Сите возрасни лица, вклучувајќи ги и оние со попреченост, имаат неотуѓиво право на практикување на нивната деловна способност. Тоа значи дека не може да бидат спречени од правење нешто што инаку им е дозволено во практикувањето на личната автономија. Тие, исто така, имаат истоветна должност да ги исполнуваат нивните обврски. Поддршка и/или разумно прилагодување може да е неопходно за изедначување на ефективното уживање на овие права и исполнувањето на должности.
7. Сите деца, вклучувајќи ги и оние со попреченост, имаат имаат развојна деловна способност, која на раѓање започнува со целосна способност за права и се развива во целосна способност за делување во полнолетството. Децата со попреченост имаа право да им се признае нивната деловна способност во иста мерка како и на другите деца на иста возраст, и да им се обезбеди поддршка соодветна на возраста и на попреченоста за да ја практикуваат нивната развојна деловна способност.
8. Родителите и старателите имаат право и одговорност да делуваат во најдобар интерес на нивните деца и да ја почитуваат развојната деловна способност на детето, а државата мора да интервенира доколку тоа не го прават родителите, во согласност со Конвенцијата за правата на детето. Правата на родителите или старателите да делуваат во име на нивните деца престанува кога детето ќе достигне законско полнолетство. Тоа мора да биде исто за сите лица со цел да се избегне класифицирањето на лицата со попреченост како деца на постара возраст отколку другите.

### Градење на законски структури и структури во заедницата за поддржано донесување одлуки

9. Владите се одговорни за заменување на постоечките закони и политики за застапувано донесување одлуки со механизми за поддржано донесување одлуки кои се признаени во законодавството и имаат истоветни политики и програми за ефективно имплементирање на систем на поддржно донесување одлуки.
10. Владите се одговорни за развивање, поддржување, промовирање и нудење на сервисни служби за поддршка, како и за воспоставување на заштитни механизми за да се осигура висок квалитет на поддршка и нивна усогласеност со стандардите како на пример: почит за правата, волјата и преференците на лицето, слобода од конфликт на интереси и несоодветно влијание, и да бидат скроени според индивидуалните услови.
11. Поддршката не смее да ги ограничи правата на лицето или да го принудува лицето да делува на одреден начин. Поддршката не смее да влијае врз неговата или нејзината способност за делување. Лицето не може да се натера да прифати поддршка против неговата или нејзината волја.

12. Треба да се промовираат и да се поттикнуваат различни видови на поддршка кои ќе ги исполнат широкиот опсег на потреби меѓу лицата со попреченост и ќе овозможат личен избор помеѓу различни опции. Видовите на поддршка можат да опфатат, на пример, мрежи на поддршка, личен правен застапник, сервисни служби во заедницата, поддршка од врсници, личен асистент и планирање однапред. Возраста, полот, културните и религиозни преференци, и слични фактори мора да бидат земени предвид, како и потребите изразени од лицата со различни видови на попреченост.
13. Можеби ќе бидат потребни периодични мерки кога ќе биде тешко да се одредат желбите на лицето и кога изгледа дека лицето може ќе има потреба од поддршка, или кога поддршката нема да успее и покрај големите напори. Во тие случаи, треба да постојат на располагање способни поддржувачи кои се обучени во воспоставување на соодветна комуникација, како и обврската за почит на автономијата. Владите, исто така, треба да промовираат планирање однапред за поддршка која лицата може да предвидуваат дека ќе им е потребна во иднина.
14. Лицето може да се согласи со неговиот или нејзиниот поддржувач(и), дека поддржувачот(те) може да носи одредени видови на одлуки, иако поддржувачот не е во можност да ги одреди желбите на лицето во одредено време. Тоа не значи дека лицето го губи своето право да ги носи тие одлуки. Поддржувачот е обврзан да прави напори за пренесување и за следење на желбите на лицето до онаа мера до која тие може да бидат познати.
15. Ако не е направено вакво овластување, и пренесувањата не успеале, и покрај напорите, вештите поддржувачи треба да продолжат со обидите за воспоставување на комуникација, додека се носи одлука која има најмал можен ефект во исклучување на можности за подоцнежна ревизија.
16. Одлуките кои вклучуваат високи лични вредности и/или контроверзни мерки кои може да го нарушат физичкиот или менталниот интегритет на лицето, како на пример, стерилизација, кохлеарни импланти, невролептични лекови и електрошок, не треба да се дозволат без информирана и потврдна согласност на засегнатото лице.

### *Расклопување на системи за застапувано донесување одлуки*

17. Владите мора веднаш да делуваат за

а. да ги признаат еднаквите права на сите лица да имаат и да ја практикуваат деловната способност без дискриминација врз основа на попреченост;

б. да воспостават законодавна, политичка и финансиска основа за
- обезбедување на поддршка при донесувањето одлуки во согласност со одредбите наведени погоре во текстот; и
- обврската на сите оние во јавниот и приватниот сектор да им излезат во пресрет на лицата со попреченост кои може да имаат потреба од поддршка при донесувањето одлуки; и

в. укинување
- потполно старателство;
- неограничени временски рамки за практикување на старателство;
- законскиот статус на старателство кој дозволува било кое лице да ги отфрли одлуките на друго лице;
- било кој индивидуален договор за старателство на барање на лицето да биде ослободен од него;
- било кој механизам за застапувано донесување одлуки кој преминува преку волјата на лицето, без разлика дали се однесува за една одлука или за долгорочен договор; и
- било кои механизми на застапувано донесување одлуки, освен ако лицето нема против, и постои пропратно барање за воспоставување на поддршки во животот на лицето за да можат тие да ја практикуваат целосната деловна способност.

18. Сите закони и механизми според кои способноста на лицето да делува се ускратени или ограничени, врз основа на разликите во способностите, мора да се укинат или заменат со закони кои го признаваат правото да се ужива и да се практикува деловната способност. Во дополнение на механизмите за застапувано донесување одлуки како што е споменато погоре, ова опфаќа изјави за неспособност, забрана, затварање во институции и задолжителна хоспитализација или медицински третман.
19. Слично на тоа, било кои закони што дисквалификуваат лице од уживање во правата или извршување на законски дејства или одговорности врз основа на попреченост мора да се укинат. На пример, гласање, извршување на јавна функција, служење во порота, давање или одбивање слободна и информирана согласност, наследување или поседување имот, брак и одгледување деца, се права кои се загарантирани во Конвенцијата која исто така опфаќа и практикување на деловната способност. Поддршката и/или соодветно прилагодување мора да се обезбеди каде е потребно за да се практикуваат овие права и одговорности. Потписите на лицата со попреченост имаат право на еднакво признавање како и оние на другите лица.
20. При имплементирање на членот 12, владите мора да обрнат внимание на импликациите за криминална одговорност и криминален правен систем. Лицата со психосоцијални попречености имаат еднаква деловна способност како и другите да бидат одговорни за лошо однесување, дали преку граѓански, криминален или друг процес, и да им се обезбеди потребната поддршка и прилагодување за да се осигура пристапот до правда и услови на казна кои ги почитуваат човековите права и достоинство. Смртната казна и слични сурови мерки мора да се укинат за да се осигура хуман третман за сите.
21. Имплементацијата на сите аспекти од членот 12, вклучувајќи го развојот и обезбедувањето на поддршка, бара активно вклучување и партнерство на лицата со попреченост и организациите кои тие ќе одберат да ги претставуваат нивните интереси (особено, организации на лица со попреченост кои тие самите ги водат). Сите оние кои бараат заштита на Конвенцијата во рамките на развоен концепт на попреченоста треба да се добредојдени.

Активности на Обединетите нации

# 3-ти Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост

## Тема на 2008 година: “Конвенција за правата на лица со попреченост: Достоинство и правда за сите нас”

***Достоинство и правда за сите нас е овогодинешната тема на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, како и на 60-тата годишнина на Универзалната декларација за човекови права.***

Достоинство и правда за сите лица се воспоставени универзални начела. Од самиот почеток Обединетите нации признаваат дека неделивото достоинство и еднаквите неотуѓиви права на сите членови од семејството се основата за слобода, правда и мир во светот. Овие начела, заедно со еднаквоста и недискриминацијата, ја насочуваа работата на Обединетите нации во изминатите 60 години и се заштитени во различни инструменти, како што се: Повелбата на Обединетите нации и Универзалната декларација за човекови права, како и во договорите како што се: Меѓународните пактови за човекови права и Конвенцијата за правата на лица со попреченост. Овие инструменти се меѓу оние кои ја сочинуваат меѓународната работна рамка за човекови права, се надополнуваат едни со други и потврдуваат дека човековите права се универзални, неделиви, меѓусебно поврзани, меѓусебно зависни и взаемно се поддржуваат.

Во меѓународното движење за човекови права, 2008 е значајна година бидејќи на 3-ти мај влезе во сила Конвенцијата за правата на лица со попреченост и нејзиниот Опцијален протокол, законски обврзувачки инструменти кои ги поставуваат законските обврски на државите за промоција и заштита на правата на лица со попреченост, како и 60-тата годишнина од Универзалната декларација за човекови права (UDHR). Член 25 од UDHR овозможува секое лице да има “право на сигурност во случај на невработеност, болест, попреченост, брачен статус, старост, или друг недостаток за живеачка во случаи надвор од неговата контрола”.

Неколку члена од Конвенцијата за правата на лица со попреченост го образложуваат ова право на сигурност, вклучувајќи го член 10 за правото на живот и член 14 за слобода и безбедност на лицето. Членот 28 е поспецифичен и бара од државите потписнички да преземат чекори за заштита и промоција на правото на соодветен стандард на живеење и социјална заштита, вклучувајќи осигурување “пристап за лицата со попреченост и нивните семејства кои живеат во сиромаштија до помош од државата за трошоци поврзани со попреченоста, вклучувајќи соодветна обука, советување, финансиска помош и времено опфаќање/ продолжена нега”. Овие инструменти обележуваат јасна потврда дека лицата со попреченост имаат право на целосно и еднакво уживање на нивните човекови права. Тие, исто така, обележуваат јасна потврда на начелата на “достоинство и правда за сите нас”.




*На 3-ти Декември во Обединетите нации*

Околу 10 проценти од светското население, или 650 милиони лица, живеат со попреченост. Конвенцијата ги промовира и ги заштитува човековите права на лицата со попреченост во граѓанскиот, културниот, економскиот, политичкиот и социјалниот живот. Сепак, насекаде низ светот, лицата со попреченост и понатаму се соочуваат со препреки за нивното учество во општеството и често се присилени да живеат на маргините од општеството. Тие постојано се соочуваат со ускратување на основните права, како на пример, еднакво признавање пред законот и деловна способност, слобода на изразување и мислење, и право да се учествува во политичкиот и јавниот живот, како на пример гласање. Многу лица со попреченост се присилени да живеат во институција, директно кршење на правата за слобода на движење и живот во заедницата.

Осумдесет проценти од лицата со попреченост – повеќе од 400 милиони лица – живеат во сиромашни земји и постои силна врска помеѓу попреченоста и сиромаштијата. На пример, статистиките за вработување на лица со попреченост се неверојатни. Во земјите во развој, 80 до 90 проценти од лицата со попреченост на работноспособна возраст се невработени, а во индустриските земји се проценува дека се помеѓу 50 и 70 проценти. Правата на образование и здравство, исто така, постојано се ускратуваат. Деведесет проценти од децата со попреченост во земјите во развој не посетуваат училиште, според истражувања на UNESCO. Приближно 20 милиони жени стекнуваат попреченост како резултат од компликации во бременоста и раѓањето. Ова постојано маргинализирање на лицата со попреченост ја истакнува

потребата сите држави да ја потпишат, ратификуваат и имплементираат Конвенцијата за правата на лица со попреченост и нејзиниот Опцијален протокол.

Обединетите нации и глобалната заедница мора да осигураат дека сета нивна работа е инклузивна за лицата со попреченост. Милениумските развојни цели нема да се постигнат доколку не се вклучат лицата со попреченост. Напорите за постигнување на Милениумските развојни цели и имплементација на Конвенцијата се меѓусебно зависни и взаемно се зајакнуваат.

На овој меѓународен ден на лицата со попреченост, како и во целогодишното прославување на 60-тата годишнина од Универзалната декларација за човековите права, да го користиме “достоинство и правда за сите нас” како повик за обединување, бидејќи овие начела се далеку од реализирање за сите. Достоинството и правдата се отелотворени во граѓанските, културните, економските, политичките и социјалните права промовирани во Конвенцијата. Поради тоа, на меѓународниот ден на лицата со попреченост е време да се направи обновена заложба за ратификација и целосна имплементација на Конвенцијата за правата на лица со попреченост и нејзиниот Опцијален протокол.

Една од основните обврски содржана во Конвенцијата е националните закони да гарантираат уживање на правата наведени во Конвенцијата. Државите потписнички треба, според тоа, да размислат за најдобрите начини на ефектуирање на правата гарантирани според Конвенцијата во домашните закони. Имплементирањето на законодавството треба да ги вклучи условите на Конвенцијата или специфична референца за нив, со цел јасно да се назначи дека законите треба да бидат интерпретирани во согласност со значењето и духот на Конвенцијата.

Законодавството, само по себе, нема да осигура дека лицата со попреченост можат да уживаат во нивните човекови права. Државите ќе треба да формулираат ефективни политики и програми кои ќе ги трансформираат одредбите од Конвенцијата во практиките кои ќе имаат вистинско влијание врз животите на лицата со попреченост. За лицата со попреченост, како и за сите други, ускратувањето на едно право може да води кон ускратување на други права и можности во текот на нивните животи.

Членот 33 објаснува дека државите мора да воспостават фокални точки со цел да се следи имплементацијата на Конвенцијата. Државите мора, исто така, да воспостават независни механизми за следење, кои обично се во облик на независна национална институција за човекови права.

Целосното учество во граѓанското општество, особено лицата со попреченост и нивните организации, е неопходно во процесот на националното следење и имплементација. Меѓународното следење се постигнува преку Комитетот за правата на лица со попреченост и Конференцијата на држави потписнички.

Овој меѓународен ден на лицата со попреченост е време да се прават повторни заложби за овие начела на достоинство и правда и да се осигура имплементацијата на Конвенцијата за правата на лица со попреченост.

Сите човечки суштества не само што имаат право на права, туку имаат одговорност да ги направат универзалните човекови права реалност за сите нас.

Годишното одржување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, 3-ти Декември, е насочено кон промовирање и разбирање на прашањата поврзани со попреченоста и мобилизирање поддршка за достоинството, правата и добросостојбата на лицата со попреченост. Исто така, бара да се зголеми свеста за придонесите кои произлегуваат од интеграцијата на лицата со попреченост во секој аспект од политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот. Темата на Денот е заснована на целта на целосно и еднакво уживање на човековите права и учество во општеството од страна на лицата со попреченост, воспоставено од Светската програма за акција во однос на лицата со попреченост, усвоена од Генералното собрание на Обединети нации во 1982 година.

***Во Обединетите нации, 4-ти Ноември 2008 година***

# ИЗБРАНИ ДВАНАЕСЕТ НЕЗАВИСНИ ЕКСПЕРТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА КОНВЕНЦИЈАТА

Државите потписнички на Конвенцијата за правата на лица со попреченост ги избраа првите дванаесет члена на Комитетот за правата на лица со попреченост. Со тоа формално се воспоставува механизам за земјите кои ја ратификувале Конвенцијата да известуваат за нивните напори поврзани со имплементацијата.

Комитетот, составен од независни експерти, беше формиран и неговите членови избрани за време на првата сесија на Конференцијата на држави потписнички, одржана во Њујорк, на 31ви октомври и 3ти ноември 2008.

Почнувајќи од 1-ви јануари 2009 година, Ronald McCallum (Австралија), Monsur Ahmed Choudhuri (Бангладеш), María Soledad Cisternas Reyes (Чиле), Jia Yang (Кина), Germán Xavier Torres Correa (Еквадор), György Könczei (Унгарија), Mohammed Al-Tarawneh (Јордан), Edah Wangechi Maina (Кенија), Amna Ali Al Suweidi (Катар), Цвето Уришиќ (Словенија), Ana Peláez Narváez (Шпанија) и Lotfi Ben Lallahom (Тунис), ќе бидат членови на Комитетот за правата на лица со попреченост.

Комитетот ќе ги разгледува периодичните извештаи од државите потписнички, ќе покренува прашања, ако е потребно, и ќе дава препораки за соодветните држави потписнички. Комитетот ќе прима и ќе разгледува жалби за кршења на Конвенцијата, од поединци и групи под јурисдикција на државите кои го ратификувале и Опцијалниот протокол. Комитетот може да иницира и истраги кога ќе биде информиран за веродостоен доказ за сериозни и систематски кршења на Конвенцијата.

Членовите на новоформираниот Комитет за правата на лица со попреченост беа избрани од листа на експерти номинирани од 23 од вкупно 41 земја која ја ратификувала Конвенцијата.

## Активности и иницијативи во Европа

# Европски ден на лицата со попреченост 2008
# Локално делување за општество за сите

### Вклучување на лица со попреченост во креирањето политики во Европска унија

Во 1992 година Обединетите нации го одреди 3-ти декември како датум за Меѓународен ден на лицата со попреченост. За да го одбележи Европскиот ден на лицата со попреченост, Европската комисија, секоја година, организира конференција за политиките во првата недела од декември, во блиска соработка со Европскиот форум за попреченост (ЕДФ). Оваа година Конференцијата се одржа во Брисел на 1-ви и 2-ри декември.

**Конференциите за Европскиот ден на лицата со попреченост се дел од пошироките напори на Европската унија за промоција на вклучувањето на прашањата од областа на попреченоста во редовните текови, како што е поставено во Акциониот план за попреченост на Европската унија 2003 – 2010 година.** Преку нив се стимулира размената на информации и добри практики во области кои се суштински за социјалното вклучување на лицата со попреченост и потпомагање на мрежното делување помеѓу клучните актери во полето на политиките за попреченост. Последователно, сознанијата за актуелната состојба и заклучоците обезбедуваат понатамошен развој на Акциониот план за попреченост на Европската унија.

### Време за локална акција

Оваа година бележи суштински развој во процесот на политиката кој ги поддржува лицата со попреченост и Конференцијата за 2008 година се фокусираше на искуствата на локално ниво. Темата на Конференцијата беше "Локално делување за општество за сите". Конференцијата со свои говори ја отворија Европскиот Комесар за вработување, социјални работи и еднакви можности, г-дин Vladimir Spidla, претседателот на ЕДФ, г-дин Yannis Vardakastanis, и Државниот секретар за солидарност при францускотo министерство за труд, социјални врски, семејство и солидарност, г-ѓа Valerie Letard.

Конференцијата овозможи за водачите на европското движење за попреченост, претставниците на локалните и регионалните власти и од институциите на Европската унија да дискутираат околу соработката помеѓу сите носители на акции и учеството на лицата со попреченост во процесот на донесување одлуки на национално и на регионално ниво.

Започнат е процесот на ратификување на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. По ратификацијата од 20-тата потписничка, Конвенцијата влезе во сила на 3-ти мај 2008 година. Веќе е прифатено дека попреченоста е широко прашање од човековите права и прашање на законот. Поточно, тоа значи дека лицата со попреченост имаат исто право на еднаков пристап до добра и сервисни служби и да придонесуваат за општеството и економијата како и сите други. Вклучувањето на прашањата од областа на попреченоста во сите области од политиката е главниот столб на Конвенцијата, па поради тоа вклучувањето на локалното ниво е апсолутно потребно за таа да биде успешна.

Усогласувањето на законодавството за недискриминација со Конвенцијата на ОН и вклучувањето на носителите на акции во процесот на креирање на политиките беа, исто така, јасно охрабрувани од страна на Словенечкото Претседателство во своите Заклучоци по вториот неформален министерски состанок за прашањата поврзани со попреченоста.

И покрај тоа што политиките околу попреченоста во најголем дел се под надлежност на државите членки, политиките на Европската унија ги надополнуваат и поддржуваат националните развитоци. Европските структурни фондови кои имаат клучна улога во поддршката на националните, регионалните и локалните развитоци, се добар пример за тоа како е можно да се дојде поблиску до локалното ниво. Членот 16 од Регулативата за Структурните фондови како предуслов ја има пристапноста за лицата со попреченост.

Во 2008 година, Комисијата исто така, направи предлог за нова законска иницијатива со цел да ја комплетира законската работна рамка на Европската унија за анти-дискриминација, со став, меѓу останатото, за обезбедување на не-дискриминација врз основа на попреченост надвор од сферата на вработување, односно во образование, социјална заштита и пристап до добра и сервисни служби.

Како што се наближува 2010 година и со завршувањето на Европскиот акционен план за попреченост 2003 – 2010 година, време е да се говори за иднината и да се започне процес на консултации за стратегиите од 2011 година па натаму.

**Во текот на конференцијата беше организирано пристапно гласање за сите учесници во однос на области кои треба да бидат во фокусот на вниманието на Европската Комисија во периодот 2010 - 2020 година.**

**Резултатите од гласањето укажаа дека како приоритетни области потенцирани се:**

1. **Вработување**
2. **Образование**
3. **Достапност/пристапност**
4. **Независно живеење**
5. **Политичко, граѓанско и јавно учество на лица со попреченост**

**Посочени механизми кои би помогнале во подобрување на состојбата во приоритетните области:**

1. **Законодавство**
2. **Учество**
3. **Истражувања**
4. **Кампањи за подигнување на јавна свест**
5. **Финансиска поддршка**

## Активности и иницијативи во Европа

# ЕДФ објави Манифест за Европските парламентарни избори 2009

По повод 3-ти Декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, ЕДФ го издаде својот Манифест за Европските избори во 2009 година "Ништо за лицата со попреченост, без лицата со попреченост".

Манифестот, кој ги содржи 10-те клучни барања на ЕДФ за да дискриминацијата врз попреченоста замине во историјата, ги повикува политичарите да обезбедат еднаков пристап за гласање и учество во изборните кампањи и за Европски Парламент за сите.

Повеќе од 50 милиони граѓани со попреченост во Европа, претставувајќи едно од четири семејства и 15% од гласачкото тело, можат да ја сменат малата излезност на изборите во изминатите години, доколку им се дозволи да го практикуваат своето право на глас.

"Сѐ уште постојат многу пречки пред лицата со попреченост за да го дадат самостојно нивниот глас поради непристапноста на просториите за гласање или гласачките кутии, а да не ги споменувам оние кои не можат да излезат од домот или кои се затворени во институции. Изборните дебати се, исто така, непристапни. Политичарите треба да сфатат дека попреченоста треба да се земе предвид на сите можни начини – од нејзина видливост во нивните кампањи до осигурување на правото на глас" рече претседателот на ЕДФ.

"Најскорешен и истакнат пример за значењето од присуството на темите за попреченост во изборната кампања се изборите во САД, каде заложбите на победничкиот кандидат за разрешување на проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост, исто така влијаеше врз излезноста на гласачите и резултатите", додаде тој.

Правото на глас е опфатено во член 29 од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, која влезе во сила во 2008 година. Таа е правната основа на Манифестот, во кој гласачите со попреченост ги бараат своите права како граѓани, вклучувајќи ги и правата на пристоен приход, пристап до сервисни служби кои овозможуваат учество во секојдневниот живот, образование и вработување, да бидат земени предвид од страна на идните членови на Европскиот Парламент, пред и по изборите кои доаѓаат. ЕДФ ги повикува политичките лидери да го поддржат Манифестот и да ги интегрираат неговите начела во кампањите на нивните партии. Во јануари 2009 година, ЕДФ ќе стартува со посебна веб страница во однос на Европските парламентарни избори 2009 година. Оваа веб страница нема да се однесува само на кандидатите за Европскиот Парламент, туку и ќе информира и ќе ги охрабрува граѓаните со попреченост и нивните семејства да го користат нивното право на глас.

# Советот на Европа ги потврди своите заложби

Во 2006 година, Советот на Европа усвои Акционен план за попреченост 2006 – 2015 година, кој треба да се имплементира во 46-те земји членки на Советот на Европа. Планот се состои од 15 клучни акциски линии кои ги покриваат сите аспекти од животот на лицата со попреченост, поставувајќи околу 40 цели и повеќе од 160 специфични акции кои треба да ги спроведат државите членки.

Првите оценки за имплементацијата на Акциониот план за попреченост на Советот на Европа на национално ниво покажаа дека повеќе од една половина од членките на Советот на Европа го користат планот како основа за нивните национални политики и законодавство во однос на попреченоста. Други навеле дека имаат намера тоа да го сторат во блиска иднина. Детална евалуација ќе биде достапна во првата половина од 2009 година.

По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, Генералниот секретар на Советот на Европа, Шпанското Претседателство на Советот на Европа како и Претседателот на Конгресот за локални и регионални власти при Советот на Европа ја потврдија нивната заложба за делување кон целосна почит на правата и интеграцијата на лицата со попреченост во општеството.

Terry Davis, Генерален секретар на Советот на Европа: "На многу начини, степенот на попреченост не е одреден според физичката состојба на лицето, туку според степенот до кој средината е прилагодена за да гарантира еднаквост на можности за секое лице. Се работи за слобода на избор, квалитет на живот и активно учество во општеството. Ова е основната филозофија на Акциониот план за попреченост на Советот на Европа".

Шпанското заседавање со Комитетот на Министри на Советот на Европа: "Зголемувањето на личната автономија на лицата со попреченост, признавање дека попреченоста е елемент од човековата различност, развивање на јавни политики наменети за оспособување на овие лица да уживаат во истите можности како и сите други граѓани и осигурување на практикувањето и уживањето на нивните граѓански, политички и социјални права, мора да останат меѓу главните цели на Советот на Европа. Во тој поглед, Акциониот план за попреченост на Советот на Европа поставува насоки за идна акција."

Yavuz Mildon, Претседател на Конгресот за локални и регионални власти при Советот на Европа: "Конгресот за локални и регионални власти го поздравува влегувањето во сила на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, на 3-ти мај 2008 година, и нејзиниот Опцијален протокол како главни обележја кои покриваат различни клучни области како што се пристапност, слобода на движење, здравство, образование, вработување, хабилитација и рехабилитација, учество во јавниот и политичкиот живот, еднаквост и недискриминација. Делувајќи локално, имплементирајќи ја Конвенцијата во конкретни услови на локално ниво е најдобриот начин за оспособување на лицата со попреченост и постигнување на нивна целосна интеграција во заедницата."

Советот на Европа е формиран во 1949 година и се обидува низ цела Европа да развива општи, заеднички и демократски начела засновани на Европската Конвенција за човекови права и други инструменти кои се засновани на заштитата на поединците. Денес, Советот на Европа се состои од 47 земји членки.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одбележување на 3-ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост на локално ниво

По повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш**, на 2-ри декември доби донација од облека и обувки, организирана од невладината организација “Младински совет. Истиот ден беше донирана облека и од модната конфекција “Суперхит”, која е намената за корисниците на дневниот центар во ПОРАКА Радовиш. На 3-ти Декември, во просториите на дневниот центар, ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На одбележувањето присуствуваа Градоначалникот на Општина Радовиш, претседателот на Советот на Општина Радовиш, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш, претставници од други невладини организации и локалните ТВ и радио медиуми. На овој настан, претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш го истакна значењето на овој ден, но и направи ретроспектива на работењето на дневниот центар како сервисна служба и позитивните резултати од нејзиното функционирање за корисниците и за семејствата.



Градоначалникот на Општина Радовиш даде ветување за подобрување на условите за работа и финансирање на работата на дневниот центар. Воедно, тој донираше и трпезариска маса наменета за потребите на дневниот центар.

Исто така, корисниците на дневниот центар се претставија со свои изработки на ликовна изложба која беше организирана во просториите на Центарот за култура во траење од седум дена.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп**, по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, на 2-ри декември одржа трибина на тема: “Проблемите, потребите и правата на семејствата и лицата со интелектуална попреченост”. На трибината учествуваа Градоначалникот на Општина Прилеп, претставници од релевантни институции во општината, невладини организации и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп. Во текот на трибината се дискутираше за сите сфери во кои лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства наидуваат на потешкотии. Се говореше за образованието и вработувањето на лицата со интелектуална попреченост. Се истакна и обесправеноста на биолошките семејства на лицата со интелектуална попреченост во однос на згрижувачките семејства. Исто така, се дискутираше и за потешкотиите на кои наидуваат овие лица во здравството и остварувањето на правата од Законот за социјална заштита.

По повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, **Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица** организираше посета на ПОУ “Св. Климент Охридски” во с.Ново Село во која учествуваа децата кои го посетуваат Социјалниот клуб во Струмица, нивните родители и волонтери. Домаќините, пак, ги пречекаа со организирана музичка приредба. Потоа, се одржа и средба со членовите на Здружението на глуви и наглуви лица во Струмица. Одбележувањето на денот заврши со средба организирана од страна на Градоначалникот на Општина Струмица која се одржа во просториите на Домот на АРМ. За време на оваа средба родителите на лица со интелектуална попреченост имаа можност повторно да ги актуелизираат потребите и потешкотиите со кои се соочуваат нивните деца и тие самите, но и да го истакнат своето задоволство од работата на Социјалниот клуб кој делува во рамките на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица.

**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Виница**, по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во просториите на Домот на култура “Тошо Арсов” организираше одбележување на денот со програма подготвена од учениците од посебната паралелка при ЦОУ “Кочо Рацин” од с.Блатец и ОУ “Славчо Стоименски” од Виница. Воедно, беше организирана и мала изложба и приредба. Потоа следеше дискусија на која присутните, како и родителите на лицата со интелектуална попреченост, но и самите лица, имаа можност да ги изнесат проблемите со кои секојдневно се соочуваат. Овој настан медиумски го проследија печатен и телевизиски медиум.



**Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Куманово**, по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лица со попреченост реализираше неколку активности. Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Куманово беа на прием кај Градоначалникот на Општина Куманово. На 4-ти декември, по повод двегодишнина од функционирањето на дневниот центар, ЦПЛИП – ПОРАКА Куманово организираше промоција на документиран видео материјал за работата на дневниот центар. Промоцијата беше организирана под покровителство на Градоначалникот на Општина Куманово. За време на овој настан се поделија и благодарници на сите поддржувачи на организацијата и на дневниот центар во текот на 2008 година. На 5-ти декември, претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА и претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Куманово беа поканети на емисијата Монитор во локалната телевизија Нова. Емисијата беше на тема “Правата на лицата со интелектуална попреченост”. Во



текот на емисијата беше презентиран и видео материјалот за работата на дневниот центар ПОРАКА Куманово.

## Во организација на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одржани работилници за SWOT анализа на локалните организации и дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

Една од програмските активности на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е координација и поддршка на работата на нејзините локални организации и сервисни служби. Поради тоа, во изминатите години РЦПЛИП – ПОРАКА организираше два циклуси на семинари за зајакнување на капацитетот на локалните организации.

При одржувањето и на двата циклуси на обука, меѓу другите теми кои се разработуваа, посебно внимание се посвети и на SWOT анализата. Тоа е алатка која е мошне корисна за проценување на актуелната состојба внатре во организацијата, со сите нејзини предности и слаби страни, но и можностите и заканите кои доаѓаат од опкружувањето во кое таа организација делува. Оваа алатка, доколку реално и објективно се изготви, претставува солидна основа за подготвување на реални и ефективни акциони планови на организацијата, како и изнаоѓање на начини за подобрување и надминување на слабите страни на организацијата.

Од тие причини, и оваа година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА побара од локалните организации, како и од сервисните служби што ги менаџира, да изготват SWOT анализи за организациите и сервисните служби (дневните центри). По изготвувањето на овие SWOT анализи се одржаа три работилници за нивно детално разработување. Првата работилница се организираше во Струга, во Центарот за едукација на кадри на Црвениот крст, 15 - 16.11.2008 година. На оваа работилница присуствуваше по еден претставник од локалните организации во чии рамки делуваат дневните центри. Исто така, присуствуваа и сите ангажирани лица во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА, освен претставник од ЦПЛИП – ПОРАКА Кочани и ангажираното лице во дневниот центар во Кочани. Другите две работилници се одржаа во Скопје на 20-ти и 21-ви ноември, на кои учествуваа



претставници од останатите 14 локални организации на РЦПЛИП – ПОРАКА.

На работилниците секој од учесниците имаше можност да ја презентира SWOT анализата, но и да презентира активности кои во моментот се актуелни во нивните организации. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, како и останатите учесници, по завршувањето на секоја презентација, даваа забелешки и совети во однос на работењето на секоја од локалните организации и сервисните служби, притоа истакнувајќи ги и позитивните примери на успешно работење.

Овие работилници имаа за цел консолидирање на активностите и работата на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА и дневните центри кои ги менаџира. Тоа е од особено значење токму во овој период бидејќи ќе треба сами да се изборат за соработката односно партнерски односи со локалните власти и активно да придонесуваат за унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во своите општини.

## Социјални активности на дневните центри

# На Европското првенство во ракомет за жени

Во периодот од 02.12 до 14.12.2008 година во Скопје и Охрид се одржа Европско првенство во ракомет во женска конкуренција.

Како резултат на добрата соработка со Ракометната Федерација на Македонија, овозможена преку Тони Стојановски, спортски новинар, корисниците на услугите на дневниот центар ПОРАКА – Скопје проследија натпревар од ова првенство. Натпреварите се одржуваа во новоизградената сала “Борис Трајковски”, па така на 11.12.2008 година во попладневните часови го проследивме натпреварот Хрватска – Шведска, на кој корисниците можеа да ја доловат натпреварувачката атмосфера во овој прекрасен спортски храм.Изразуваме благодарност до РФМ, особено до г-нот Марјан Начевски кој се заложи да бидеме дел од овој настан.



# Речен фестивал “Денови на Вардар”



Во периодот од 29.09.2008 година до 02.10.2008 година на кејот на реката Вардар се одржа Речен фестивал “Денови на Вардар” под покровителство на Градот Скопје. Првите два дена од фестивалот активно учество зедоа и корисниците од Дневниот центар на ПОРАКА – Скопје. Активностите беа организирани во соработка со Првата детска амбасада во светот - Меѓаши.

Заедно со ангажираните лица, дел од родителите на корисниците учествуваа во работилниците по применета уметност, изработка на оригами, изработка на сложувалка и ликовна работилница.

Изработените дела потоа беа оставени на организаторот кој се обврза да направи изложба на истите.

# Посета на фудбалски натпревар

На 12-ти Ноември 2008 година корисниците од дневниот центар – ПОРАКА Куманово присуствуваа на фудбалски натпревар од првенството на Македонија помеѓу ФК Милано и ФК Силекс.

Пред самиот натпревар, корисниците на дневниот центар имаа можност да се запознаат со фудбалерите од двата тима, да ја почувствуваат големината на фудбалското игралиште, а потоа и атмосферата за време на фудбалскиот натпревар.





# Посета на автобуска и железничка станица

На 6-ти Ноември 2008 година корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Куманово ја посетија меѓуградската автобуска станица, а на 27-ми Ноември 2008 година корисниците ја посетија и железничката станица во Куманово.

Целта на овие две социјални активности е запознавање на корисниците со сообраќајот, видови на сообраќај, видови на превозни средства и користење на истите.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# ЦПЛИП – ПОРАКА Штип ги одржа спортските натпревари за лицата со интелектуална попреченост

На ден 08.10.2008 година, со почеток во 11:00 часот на градскиот стадион во Штип се одржаа спортските натпревари во кои учествуваа 16 члена со умерена и тешка интелектуална попреченост.

Членовите се натпреваруваа во следните спортски дисциплини: брзо одење, трчање и тегнење јаже. Учесниците во спортските игри беа поделени во две екипи и тоа во екипата А беа членовите: Србиновска Елена, Петрушев Дејан, Николов Столе, Златева Лида, Стоиманов Методи, Влахова Тања, Апостолова Жаклина и Милев Ѓорги, а во екипата Б: Матиќ Жаклина, Златева Соња, Јанев Зоран, Златанова Лета, Паризова Благица, Чамбов Зоран, Трендафилов Стојмир и Тосев Трајче.

Во дисциплината брзо одење од машките првото место го освои Петрушев Дејан, второто Тосев Трајче и третото место Стоиманов Методи, а од женските прво место освои Златева Лида, второ Србиновска Елена и трето Златева Соња. Во спортските дисциплини трчање и тегнење јаже првото место го освои екипата А, а второто екипата Б. На учесниците на општинските спортски натпревари им беа доделени по две маици добиени од спонзорство.



Овие спортски игри што ги организираше ЦПЛИП – ПОРАКА Штип на локално ниво, имаа спортско рекреативен карактер. По барање на учесниците на општинските спортски игри, ЦПЛИП ПОРАКА Штип истите ќе ги организира и во наредните години.

## Од 7-ми до 13-ти февруари во Ајдахо - САД

# Македонски спортисти на Специјалните светски зимски олимписки игри

Секои четири години илјадници спортисти – атлети од целиот свет се собираат за да ги покажат своите атлетски вештини и да го прослават вистинскиот натпреварувачки дух преку зимските спортови.

Во текот на Светските зимски олимписки игри, оваа година на Специјалната Олимпијада, спортистите – атлети ќе ги надминат границите на нација, политика, пол, култура, религија и возраст, бидејќи овој голем настан ќе ги трансформира, промени учесниците, водачите и поддржувачите преку спортски и духовен натпревар.

Зимските олимписки игри ќе им помогнат на граѓаните ширум светот да ги ценат вредностите на почит и сочувствување со кое што овие спортисти – атлети и нивните поддржувачи живеат секојдневно.

**“Специјалните светски зимски олимписки игри обезбедуваат глобална сцена на овие спортисти – атлети да ги покажат своите таленти и ние го покануваме светот да ни се придружи во нашиот свет на добредојде, свет на заедничко почитување без предрасуди”** – вели Timothy Shriver, претседавач на Специјалната Олимпијада.

Натпреварите во алпско скијање ќе се одржат во Bogus Basin Montain complex во Boise, Ајдахо - САД, а домаќинот очекува присуство на над 3.000 атлети – спортисти од 85 земји кои ќе се натпреваруваат во седум олимписки спортови: алпско скијање, скијачко трчање, уметничко лизгање, хокеј на мраз, сноуборд, брзо лизгање и трчање на снег.

Светските зимски олимписки игри на Специјална Олимпијада ќе бидат навистина единствена можност во



***Јосифов Горан***
*1990 г. - Радовиш*



***Мисевски Сашо***
*1984 г. - с. Чашка Велес*

светот и ќе посведочат дека универзалниот јазик на спортот може да го покаже најдоброто во човечкиот дух.

За прв пат во постоењето на Специјална Олимпијада - Македонија, поканети сме како репрезентација да ја претставиме нашата земја на овој светски настан. Експедицијата е мала но, горда што ќе има чест да ја претстави Република Македонија на светот и преку своите спортисти – атлети да го развиори Македонското знаме наЗимски олимписки игри во Ајдахо - САД.

Екипата ја сочинуваат двајца атлети – спортисти: Јосифов Горан и Мисевски Сашо, еден тренер и еден претставник на Специјална Олимпијада на Македонија. Нашите претставници ќе настапат во дисциплината велеслалом.Учеството на нашите спортисти од Специјална Олимпијада на Македонија на Светската зимска олимпијада ќе потврди дека спортот и неговата универзалност им помагаат на оваа категорија на спортисти за нивна инклузија во нивниот живот.

***М-р А. Реџепагиќ, Потпретседател за спорт на СОМ***

# Наша Страница

# Отворени врати за различните во обединета Европа

РЦПЛИП – ПОРАКА, како партнер на организацијата “Училишно настојателство - Ресурсен центар Пазарџик” од Бугарија, во периодот од 2-ри до 10-ти Октомври 2008 година, реализираше меѓународна размена на искуства во рамките на проектот “Отворени врати за различните во обединета Европа”. Проектот беше поддржан од програмата “Младите во акција” на Европската комисија, насочен кон образовна и социјална интеграција на младите лица со попреченост од двете соседни земји.

Проектот овозможи група од 19 лица со интелектуална попреченост (корисници на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА од Скопје, Охрид и Куманово), придружувани од 4 нивни врсници без попреченост (волонтери од Црвен крст на град Скопје) и нивните едукатори, да патуваат и престојуваат во Пазарџик и Варна, Република Бугарија, каде што имаа можност да се запознаат и другаруваат со иста таква група на лица со попреченост, волонтери и едукатори од Бугарија.






Програмата опфати работилници преку кои македонските и бугарските учесници се запознаа со европските вредности, работилници за претставување на културно наследство, изработка на ракотворби, приготвување и дегустирање на традиционални јадења, засадување на “дрва на пријателство”, посети на делфинариум и ергела на коњи, спортски активности, рекреативни активности покрај море, забави со музика, танцување.





ISSN 0350-5863